ENVIRONMENT FOR EUROPE
UN ENVIRONNEMENT POUR L'EUROPE
ОКРУЖАЮЩАЯ СРЕДА ДЛЯ ЕВРОПЫ
ДОВКІЛЛЯ ДЛЯ ЄВРОПИ
Kyiv, 21-23 May 2003

ПЕТТА МИНИСТЕРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

# "ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ЕВРОПА"

КИЕВ, УКРАИНА
21-23 мај 2003 година

---

# НАЦРТ ПРОТОКОЛ ЗА РЕГИСТРИ НА НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ КОН АРХУСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО И ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ВРСКА СО ПРАШАЊА ОД ДОМЕНОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

поднесен од

Работната Група за Регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи

Преку Ад Хок Работна Група на високи официјални претставници

ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ
ЕКОНОМСКА КОМИСИЈА ЗА ЕВРОПА

**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

**E**

**Economic and Social Council**

Дистр.
ГЕНЕРАЛ.

МП.ПП/2003/1
3 Март 2003

ОРИГИНАЛ: АНГЛИСКИ

**ЕКОНОМСКА КОМИСИЈА ЗА ЕВРОПА**

Состанок на Страните на Конвенцијата
за пристап до информации, учество на јавноста
во одлучувањето и пристап до правда во врска
со прашања од областа на животната средина

(Вонреден состанок, Киев, 21 мај 2003 год.)
(Точка 2 од прелиминарниот дневен ред)

# НАЦРТ ПРОТОКОЛ ЗА РЕГИСТРИ НА НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ

*Страните на овој Протокол,*

*Повикувајќи се* на член 5, став 9 и член 10, став 2 од Конвенцијата од 1998 година за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда во врска со прашања од областа на животната средина (Архуска Конвенција),

*Потврдувајќи* дека Регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи обезбедуваат важен механизам за зголемување на правната одговорност, за намалување на загадувањето и за промовирање на одржливиот развој, како што се констатира во Декларацијата од Лука усвоена на првиот состанок на Страните на Архуската Конвенција,

*Имајќи го предвид* принципот 10 од Рио 1992 Декларацијата за животна средина и развој,

*Имајќи ги предвид, исто така,* принципите и определбите договорени на Конференцијата на Обединетите Нации од 1992 година за животна средина и развој, особено одредбите од поглавје 19 на Агенда 21,

*Земајќи ја предвид* Програмата за понатамошна реализација на Агенда 21, усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации, на неговата деветнаесетта

специјална седница, 1997 година, во која што бара, помеѓу другото, зголемување на националните капацитети и способности за собирање, обработка и објавување на информации, со цел да се овозможи пристап на јавноста до информациите за глобалните еколошки прашања преку соодветни средства,

*Имајќи го предвид* Планот за имплементација на Светскиот самит за одржлив развој од 2002 година, кој што поттикнува развивање на доследно, интегрално информирање за хемикалиите, како што е преку националните регистри на загадувачите и пренос на загадувачки материи,

*Земајќи ја предвид* работата на Меѓувладиниот Форум за хемиска безбедност, особено Декларацијата од Бахија за хемиска безбедност од 2000 година, Приоритетите за акција по 2000 година и Акционен план за Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи/инвентар на емисии,

*Исто така, земајќи ги предвид* активностите што се преземаат во рамките на Меѓуорганизациската програма за безбедно управување со хемикалиите,

*Понатаму, земајќи ја предвид* работата на Организацијата за економска соработка и развој, особено Препораката на нејзиниот Совет за реализација на Регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи, во која што Советот ги повикува државите членки да воспостават национални регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи кои ќе бидат достапни за јавноста,

*Сакајќи да* обезбедат механизам кој што ќе придонесе кон способноста на секое лице од сегашните и од идните генерации да живее во средина што е соодветна за нејзиното/неговото здравје и добросостојба, преку обезбедување на развој на јавно достапни информативни системи за животна средина,

*Сакајќи, исто така,* да обезбедат при развивањето на таквите системи да се земат предвид принципите што го поддржуваат одржливиот развој, како што е пристапот на претпазливост содржан во принципот 15 од Декларацијата од Рио за животна средина и развој, 1992 година,

*Потврдувајќи ја* врската помеѓу соодветните информативни системи за животна средина и користењето на правата содржани во Архуската Конвенција,

*Забележувајќи ја* потребата за соработка со други меѓународни иницијативи во врска со загадувачките материи и отпадот, вклучувајќи ги Стокхолмската Конвенција за неразградливи органски загадувачки материи, 2001 година и Базелската Конвенција за контрола на прекуграничните пренесувања на опасни отпадоци и нивно депонирање, од 1989 година,

*Потврдувајќи дека* целите на интегралниот пристап кон сведувањето на минимум на загадувањето и на количеството на отпад што произлегува од работата на индустриските инсталации и од други извори се да се постигне високо ниво на заштита за животната средина во целост, да се напредува кон одржлив и еколошки

здрав развој и да се заштити здравјето на сегашните и на идните генерации,

*Уверени во* вредноста на регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи како средство кое е ефективно во однос на цената за поттикнување на подобрувања на перформансите во заштитата на животната средина, за обезбедување на пристап на јавноста до информации за загадувачките материи што се испиштаат и се пренесуваат во и преку заедниците и за користење од страна на Владите во следењето на трендовите, во демонстрирање на напредокот во намалувањето на загадувањето, следењето на почитувањето на определени меѓународни спогодби, поставувањето на приоритети и оценувањето на напредокот што се постигнува преку политиките и програмите за заштита на животната средина,

*Верувајќи дека* регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи можат да донесат видливи добивки за индустријата преку подобрено управување со загадувачките материи,

*Истакнувајќи ги* можностите за користење на податоци од регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи, комбинирани со здравствени, еколошки, демографски, економски или други видови на информации, заради стекнување на подобро разбирање на потенцијалните проблеми, идентификување на жариштата, преземање на превентивни мерки и мерки за ублажување и поставување на приоритети во управувањето со животната средина,

*Потврдувајќи* ја важноста на заштитата на приватноста на идентификувани физички лица и лица кои што можат да се идентификуваат при обработката на податоците што се доставуваат до регистрите на испуштање и пренесување на загадувачки материи во согласност со важечките меѓународни стандарди кои што се однесуваат на заштита на податоците,

*Потврдувајќи ја исто така* важноста на развивањето на меѓународно компатибилни национални системи на регистри на испуштање и пренесување на загадувачки материи со цел да се зголеми споредливоста на податоците,

*Забележувајќи дека* многу Држави членки на Економската Комисија на Обединетите нации за Европа, Европската Заедница и Страните на Северно-американската спогодба за слободна трговија дејствуваат во насока на собирање на податоци за испуштените и пренесуваните загадувачки материи од различни извори и обезбедување на јавна достапност на овие податоци и потврдувајќи го особено во оваа област долгогодишното и вредно искуство во некои земји,

*Земајќи ги предвид* различните пристапи во постоечките регистри на емисии и потребата од избегнување на дуплирањето и според тоа признавајќи дека е потребен извесен степен на флексибилност,

*Повикувајќи на* прогресивен развој на национални регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи,

*Повикувајќи,* исто така, на воспоставување на врски помеѓу националните регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи и информативните системи за други испуштања од јавен интерес,

*Се договорија* како што следи:

**<u>Член 1</u>**

**ЦЕЛ**

Целта на овој Протокол е да се подобри пристапот на јавноста до информациите преку воспоставување на доследни, интегрални, национални Регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи (ПРТР) во согласност со одредбите на овој Протокол, кои што можат да обезбедат учество на јавноста во одлучувањето во областа на животната средина, како и да придонесат кон спречување и намалување на загадувањето на животната средина.

**<u>Член 2</u>**

**ДЕФИНИЦИИ**

За целите на овој Протокол,

1. “Страна” значи, освен ако текстот на укажува поинаку, Држава или регионална организација за економска интеграција од член 24 која што се согласила да биде обврзана со овој Протокол и за која што Протоколот е на сила;

2. “Конвенција” значи Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда во врска со прашања од доменот на животната средина, усвоена во Архус, Данска, на 25 јуни 1998 година;

3. “Јавност” значи едно или повеќе физички или правни лица и во согласност со националната законска регулатива или пракса, нивни здруженија, организации или групи;

4. “Капацитет” значи една или повеќе инсталации на иста локација, кои што се во сопственост или со кои стопанисува исто физичко или правно лице;

5. “Надлежен орган” значи националниот орган или органи, или друго надлежно тело или тела, назначени од страна на Страна да управува/ат со националниот систем на регистерот на загадувачи и пренос на загадувачки материи;

6. “Загадувачка материја” значи материја или група на материи која/кои што може/можат да биде/бидат штетна/штетни за животната средина или за здравјето на

луѓето поради своите својства и поради нејзиното/нивното воведување во животната средина;

7. “Испуштање” значи воведување на загадувачки материи во животната средина како резултат на која било човекова активност, без оглед дали е намерна или случајна, рутинска или нерутинска, вклучувајќи нгпролевање, емитување, испуштање, инјектирање, депонирање или одлагање или преку канализациони системи без финално пречистување на отпадните води;

8. “Пренесување надвор од локацијата” значи движење вон границите на капацитетот на загадувачки материи или на отпад наменет за одлагање или за обновување и на загадувачки материи во отпадните води наменети за пречистување на отпадна вода;

9. “Дифузни извори” значи мноштво на помали или распрскани извори од кои што можат да се испуштаат загадувачки материи во земјиштето, воздухот или водата, чиешто комбинирано влијание на овие медиуми може да биде значително и за кое што е непрактично да се собираат извештаи од секој поединечен извор;

10. Изразите “национален” и “во целата земја” во однос на обврските што произлегуваат од овој Протокол за Страните кои што се регионални организации за економска интеграција, се разбираат како такви што се применуваат на односниот регион освен ако не е поинаку наведено;

11. “Отпад” значи материи или предмети кои што се:

(a) Одложени или обновени;

(b) Наменети за одлагање или за обновување; или

(c) Со одредбите на националното право се бара да се одложат или да се обноват;

12. “Опасен отпад” значи отпадот што е дефиниран како опасен со одредбите на националното право;

13. “Друг отпад” значи отпад што не е опасен отпад;

14. “Отпадна вода” значи употребена вода која што содржи материјали или предмети кои што подлежат на регулирање во националното право.

## <u>Член 3</u>

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Секоја Страна е должна да ги преземе неопходните законодавни, управни и други мерки и соодветни мерки за спроведување со цел да ги реализира одредбите на овој Протокол.

2. Одредбите на овој Протокол не го нарушуваат правото на Страна да води или да воведе поширок Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи од оној што се бара со овој Протокол.

3. Секоја Страна е должна да ги преземе неопходните мерки со кои ќе бара вработените во капацитет и членовите на јавноста кои што пријавуваат прекршување од страна на капацитет на националните закони со кои се спроведува овој Протокол до државните органи да не бидат казнувани, гонети или вознемирувани од тој капацитет или од државните органи за дејствата поврзани со пријавувањето на прекршувањето.

4. При реализацијата на овој Протокол, секоја Страна се води според пристапот на претпазливост поставен во принципот 15 на Декларацијата од Рио за животна средина и развој, од 1992 година.

5. Со цел да се избегнат дуплирани известувања, системите на регистерот на испуштање и пренесување на загадувачки материи можат да се интегрираат до степен што е практично можен со постоечКите извори на информирање, како што се механизмите за известување во рамките на лиценците или дозволите за работа.

6. Страните ќе се залагаат да постигнат единство помеѓу националните регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи.

## Член 4

## ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА СИСТЕМОТ НА РЕГИСТЕР НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ

Во согласност со овој Протокол, секоја Страна е должна да воспостави и да одржува јавно достапен национален Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи, кој што:

(a) Посебен за капацитетот во однос на известувањето за точкести извори;

(b) Вклучува известување за дифузни извори;

(c) Е посебен за загадувачката материја или посебен за отпадот, според потребата;

(d) Е мултимедијален, правејќи разлика помеѓу испуштањата во воздухот, земјиштето и водата;

(e) Вклучува информации за пренесувањата;

(f) Е заснован на задолжително известување на периодична основа;

(g) Вклучува стандардизирани и навремени податоци, ограничен број на стандардизирани прагови за известување и ограничени одредби, доколку се потребни, за доверливоста;

(h) Е доследен и испланиран на начин што ќе биде погоден за корисникот и јавно достапен, вклучувајќи го во електронска форма;

(i) Овозможува учество на јавноста во неговото изготвување и менување; и

(j) Е структурирана, компјутеризирана база на податоци или неколку поврзани бази на податоци одржувани од надлежниот орган.

**Член 5**

**ПЛАН И СТРУКТУРА**

1. Секоја Страна е должна да обезбеди податоците што се чуваат во регистерот од член 4 да се презентираат во агрегатна (збирна) и во неагрегатна форма, така што испуштањата и пренесувањата ќе можат да се пребаруваат и идентификуваат според:

(a) Капацитетот и неговата географска локација;

(b) Активноста;

(c) Сопственикот или стопанисувачот, и според условите, компанијата;

(d) Загадувачката материја или отпадот, според случајот;

(e) Секој од медиумите на животната средина во кои што се испушта загадувачката материја; и

(f) Согласно со член 7, став 5, одредиштето на пренесувањето и, кога е соодветно, операцијата на одлагањето или обновувањето на отпадот.

2. Секоја Страна е исто така должна да обезбеди податоците да можат да се пребаруваат и да се идентификуваат во согласност со оние дифузни извори кои што се вклучени во регистерот.

3. Секоја Страна е должна да го испланира својот регистер земајќи ја предвид можноста за негово идно проширување и обезбедувајќи податоците што се доставуваат од најмалку десет претходни години на известување да бидат јавно достапни.

4. Регистерот мора да се испланира за максимално олеснување на јавниот пристап преку електронски средства, како што е Интернет. Планот мора да овозможи, во нормални работни услови, информациите на регистерот да бидат постојано и директно достапни преку електронски средства.

5. Секоја Страна треба да обезбеди врски во својот регистер со нејзините релевантни постоечки, јавно достапни бази на податоци за предметните прашања поврзани со заштитата на животната средина.

6. Секоја Страна е должна да обезбеди врски во својот регистер со Регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи на другите Страни на Протоколот и онаму каде што е реално можно со оние на другите земји.

## <u>Член 6</u>

## ОПСЕГ/ОПФАТ НА РЕГИСТЕРОТ

1. Секоја Страна е должна да обезбеди нејзиниот регистер да вклучува информации за:

(a) Испуштањето на загадувачки материи за кои се бара известување според член 7, став 2;

(b) Пренесувања надвор од локацијата за кои се бара известување согласно со член 7, став 2; и

(c) Испуштање на загадувачки материи од дифузни извори што се бара според член 7, став 4.

2. По оценувањето на искуството стекнато од развивањето на националните регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи и од имплементацијата на овој Протокол и земајќи ги предвид релевантните меѓународни процеси, Состанокот на Страните ќе изврши ревизија на барањата за известување што произлегуваат од овој Протокол и ќе ги разгледа следниве прашања во врска со неговиот понатамошен развој:

(a) Ревизија на активностите предвидени во Анекс I;

(b) Ревизија на загадувачките материи утврдени во Анекс II;

(c) Ревизија на праговите во Анексите I и II; и

(d) Вклучување на други релевантни аспекти како што се информации за пренесување, складирање на локацијата, спецификација на барањата за известување за дифузните извори или развивање на критериуми за вклучување на загадувачки материи согласно со овој Протокол.

## Член 7

## БАРАЊА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

1. Секоја Страна е должна:

(а) да бара од сопственикот или од стопанисувачот на секој поединечен капацитет под нејзина надлежност кој што презема една или повеќе активности утврдени во Анекс I применливиот праг на капацитет утврден во Анекс I, колона 1, и:

(1) Испуштање на која било загадувачка материја од Анекс II во количества што ги надминуваат важечките прагови утврдени во Анекс II, колона 1;

(2) Пренесување надвор од локацијата на која било загадувачка материја од Анекс II во количества што ги надминуваат важечките прагови утврдени во Анекс II, колона 2, кога Странатa избрала известување според загадувачките материи за пренесувања согласно со став 5 (д);

(3) Пренесување надвор од локацијата на опасен отпад кој што надминува 2 тона годишно или друг отпад кој што надминува 2.000 тони годишно, кога Страната избрала известување според отпадот за пренесувања согласно со став 5 (д); или

(4) Пренесување надвор од локацијата на која било загадувачка материја од Анекс II во отпадните води во количества што ги надминуваат важечките прагови утврдени во Анекс II, колона 1б;

да ја преземе обврската наметната на тој сопственик или стопанисувач согласно со став 2; или

(б) да бара од сопственикот или од стопанисувачот на секој поединечен капацитет под нејзина надлежност кој што презема една или повеќе активности утврдени во Анекс I на или над прагот на вработени утврден во Анекс I, колона 2 и произведува, обработува или користи која било загадувачка материја наведена во Анекс II во количества што ги надминуваат важечките прагови утврдени во Анекс II, колона 3, да ја преземе обврската наметната во однос на тој сопственик или стопанисувач согласно со став 2.

2. Секоја Страна е должна да бара од сопственикот или стопанисувачот на капацитет од став 1 да ги доставува информациите утврдени во ставовите 5 и 6 и во

согласност со барањата содржани во истите во однос на оние загадувачки материи и отпадоци за кои што се надминати праговите.

3. Со цел да ги постигне целите на овој Протокол, Страна може да одлучи во однос на конкретна загадувачка материја да применува праг на испуштање или праг на производство, обработка или користење, доколку на овој начин се зголемуваат информациите за испуштањето и пренесувањето во нејзиниот регистер.

4. Секоја Страна е должна да обезбеди нејзиниот надлежен орган да собира или да назначи еден или повеќе државни органи или надлежни тела да собираат информации за испуштањето на загадувачки материи од дифузните извори наведени во ставовите 7 и 8, заради вклучување во регистерот.

5. Секоја Страна е должна да бара од сопствениците или стопанисувачите на капацитетите од кои што се бара да известуваат во согласност со став 2 да ги соберат и да ги достават до нејзиниот надлежен орган следниве информации за капацитетите:

(a) Име, адреса, географска локација и активност или активности на капацитетот што известува и името на сопственикот или стопанисувачот и, доколку е соодветно, на компанијата;

(b) Името и нумеричкиот идентификатор на секоја загадувачка материја за која што се бара известување согласно со став 2;

(c) Количеството на секоја загадувачка материја за која што се бара известување согласно со став 2, која што се испушта од капацитетот во животната средина во годината за која што се известува, во збирна форма и во зависност од тоа дали испуштањето се извршило во воздухот, во водата или во земјиштето, вклучувајќи и испуштање преку подземно инјектирање;

(d) или:

(i) Количеството на секоја загадувачка материја за која што се бара известување согласно со став 2, која што се пренесува надвор од локацијата во годината за која што се известува, при што се прави разлика помеѓу количествата што се пренесуваат со цел да се одложат или да се обноват и името и адресата на капацитетот што го прима преносот; или

(ii) Количеството на отпад за кој што се бара известување во согласност со став 2 пренесен надвор од локацијата во годината за која што се известува, при што се прави разлика помеѓу опасен отпад и друг отпад, за сите активности на обновување или одлагање, означувајќи ги соодветно со "R" или "D" во зависност од тоа дали отпадот е наменет за одлагање или за обновување во согласност со Анекс III, а за прекугранич движења на опасен отпад, името и адресата на одлагачот

или на обновувачот на отпадот и конкретната локација за одлагање или обновување што го прима преносот;

(е) Количеството на секоја загадувачка материја во отпадната вода за која што се бара известување согласно со став 2 пренесена надвор од локацијата во годината за која што се известува; и

(f) Видот на методологија што се употребува за изведување на информациите од подставовите (ц) до (е), согласно со член 9, став 2, со назнака дали информацијата е заснована на мерење, пресметка или проценка.

6. Информациите од став 5 (ц) до (е) мора да вклучат информации за испуштања и пренесувања како резултат на рутински активности и на вонредни настани.

7. Секоја Страна, на својот регистер, со соодветно просторно распоредување, ќе презентира информации за испуштањето на загадувачки материи од дифузните извори за кои што таа Страна утврдила дека податоците се собрани од релевантните органи и можат да се вклучат на практичен начин. Кога Страната утврдила дека такви податоци не постојат, истата е должна да преземе мерки со кои ќе иницира известување за испуштањето на релевантните загадувачки материи од еден или од повеќе дифузни извори во согласност со нејзините национални приоритети.

8. Информациите од став 7 мора да вклучат информации за видот на методологијата употребена за изведување на информациите.

## Член 8

## ЦИКЛУС НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

1. Секоја Страна е должна да обезбеди информациите за кои што се бара да се внесат во нејзиниот регистер да бидат јавно достапни, компилирани и презентирани на регистерот по календарска година. Годината за која што се известува е календарската година на која што се однесува таа информација. За секоја Страна, првата година за која што се известува е календарската година по стапувањето на Протоколот на сила за таа Страна. Известувањето што се бара согласно со член 7 се врши на годишна основа. Но, втората година за која што се известува може да биде втората календарска година по првата година за која што се известува.

2. Секоја Страна која што не е регионална организација за економска интеграција е должна да обезбеди информациите да бидат внесени на нејзиниот регистер во рок од петнаесет месеци од крајот на секоја година за која што се известува. Но, информациите за првата година за која што се известува мора да се внесат во регистерот во рок од две години од крајот на таа година за која што се известува.

3. Секоја Страна која што е регионална организација за економска интеграција е должна да обезбеди информациите за конкретна година за која што се известува да

се внесат во нејзиниот регистер шест месеци по моментот во кој што тоа се бара од Страните кои што не се регионални организации за економска интеграција.

**Член 9**

**СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА**

1. Секоја Страна е должна да бара од сопствениците или стопанисувачите на капацитетите кои што подлежат на барањата за известување согласно со член 7 да ги собираат податоците што се потребни за да се определи, согласно со долниот став 2 и со соодветна честота, испуштањето и пренесувањето надвор од локацијата на капацитетот што подлежи на известување согласно со член 7 и да води достапна за надлежните органи евиденција на податоците од кои што се изведени соопштените информации за период од пет години, почнувајќи од крајот на односната година за која што се известува. Ваквата еводенција мора да ја опише и методологијата што се употребува за собирање на податоците.

2. Секоја Страна е должна да бара од сопствениците или стопанисувачите на капацитетите кои што подлежат на барањата за известување согласно со член 7 да ги користат најдобрите достапни информации, вклучувајќи мониторинг податоци, емисиони фактори, равенки за биланс на маса, индиректен мониторинг или други пресметки, инженерски судови и други методи. Онаму каде што е соодветно, ова треба да се прави во согласност со меѓународно одобрени методологии.

**Член 10**

**ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ**

1. Секоја Страна е должна да бара од сопствениците или стопанисувачите на капацитетите кои што подлежат на барањата за известување согласно со член 7 став 1 да обезбедат квалитет на информациите кои што ги доставуваат.

2. Секоја Страна е должна да обезбеди податоците што се содржани во нејзиниот регистер да подлежат на оценување на квалитетот од страна на надлежниот орган, особено во однос на нивната комплетност, доследност и кредибилитет, земајќи ги предвид упатствата што ќе ги изготви Состанокот на Страните.

**Член 11**

**ПРИСТАП НА ЈАВНОСТА ДО ИНФОРМАЦИИ**

1. Секоја Страна е должна да обезбеди пристап на јавноста до информациите содржани во нејзиниот регистер на испуштање и пренесување на загадувачки

материи, без да мора да се докаже интересот и согласно со одредбите на овој Протокол, главно преку обезбедување на директен електронски пристап до овој регистер преку јавни телекомуникациони мрежи.

2. Онаму каде што информациите содржани во нејзиниот регистер не се лесно јавно достапни преку директни електронски средства, секоја Страна е должна да обезбеди нејзиниот надлежен орган, на барање, да ги обезбеди тие информации со кои било други средства, што е можно побрзо, а најдоцна во рок од еден месец по поднесувањето на барањето.

3. Согласно со став 4, секоја Страна е должна да обезбеди бесплатен пристап до информациите содржани во нејзиниот регистер.

4. Секоја Страна може да даде можност на својот надлежен орган да наплаќа такса за копирање и за испраќање по пошта на посебните информации од став 2, но таквата такса не смее да ги надминува реалните трошоци.

5. Онаму каде што информациите содржани во нејзиниот регистер не се лесно јавно достапни преку директни електронски средства, секоја Страна е должна да овозможи електронски пристап до нејзиниот регистер во јавно пристапни локации, на пример во јавни библиотеки, канцеларии на локалните власти или други соодветни места.

## Член 12

## ДОВЕРЛИВОСТ

1. Секоја Страна може да го овласти надлежниот орган да ги чува информациите на регистерот како доверливи доколку јавното откривање на таквите информации може да влијае негативно на:

(a) Меѓународните односи, националната одбрана или јавната безбедност;

(b) Текот на правдата, можноста на лице да добие фер судење или можноста на јавен орган да спроведува истрага со кривична или дисциплинска природа;

(c) Доверливоста на комерцијалните и индустриските информации, кога таквата доверливост е заштитена со закон со цел да се заштити легитимен економски интерес;

(d) Права на интелектуална сопственост; или

(e) Доверливоста на лични податоци и/или досијеа кои се однесуваат на физичко лице доколку тоа лице не дало согласност за објавување на

информацијата пред јавноста, кога таквата доверливост е пропишана во националното право.

Горенаведените основи за доверливост се толкуваат на рестриктивен начин, земајќи го предвид јавниот интерес кој се остварува со објавувањето и дали информациите се однесуваат за испуштање во животната средина.

2. Во рамките на ставот 1 (ц), секоја информација за испуштање кое што е важно за заштитата на животната средина се зема предвид за објавување согласно со националното право.

3. Кога информација се води за доверлива согласно со став 1, во регистерот се внесува ознака за видот на информацијата што е задржана преку, на пример, обезбедување на генеричка хемиска информација доколку е можно и од кои причини е истата задржана.

## **Член 13**

## УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ИЗГОТВУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИТЕ РЕГИСТРИ НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ

1. Секоја Страна е должна да обезбеди соодветни можности за учество на јавноста во изготвувањето на нејзиниот национален Регистар на загадувачи и пренос на загадувачки материи, во рамките на нејзиното национално право.

2. За целите на став 1, секоја Страна е должна да обезбеди слободен јавен пристап до информациите за предложените мерки за изготвувањето на нејзиниот национален Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи и за доставувањето на коментари, информации, анализи или мислења кои што се релевантни за процесот на одлучување, а релевантниот орган ќе го земе предвид таквото учество на јавноста.

3. Секоја Страна е должна да обезбеди, кога носи одлука за воспоставување или за значително менување на својот регистер, информациите за одлуката и аспектите врз кои што е заснована таа да бидат достапни за јавноста навремено.

## **Член 14**

## ПРИСТАП ДО ПРАВДА

1. Секоја Страна, во рамките на својата национална законска регулатива, е должна да обезбеди за секое лице кое што смета дека неговото барање за информација согласно со член 11, став 2 е игнорирано, неосновано одбиено, делумно или во целост, несоодветно одговорено или на друг начин не е постапено

во согласност со одредбите на тој став, да има пристап до постапка за ревизија пред судот или пред друго независно и неутрално тело воспоставено со закон.

2. Барањата од став 1 не ги нарушуваат односните обврски и права на Страните согласно со постоечките меѓународни договори што се применуваат помеѓу нив кои се однесуваат на проблематиката на овој член.

**Член 15**

**РАЗВИВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ**

1. Секоја Страна е должна да ја унапредува свеста на јавноста за нејзиниот регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи и ќе обезбеди помош и упатство за пристапување до нејзиниот регистер и за разбирањето и користењето на информациите содржани во него.

2. Секоја Страна треба да обезбеди соодветно развивање на капацитети на и упатства за надлежните органи и тела со цел да им помогне во извршувањето на нивните должности што произлегуваат од овој Протокол.

**Член 16**

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

1. Страните, во зависност од околностите, се должни да соработуваат и да се помагаат меѓусебно:

(a) Во меѓународните активности со кои се поддржуваат целите на овој Протокол;

(b) Врз основа на меѓусебна спогодба помеѓу односните Страни, во реализацијата на националните системи во спроведувањето на овој Протокол;

(c) Во размената на информации согласно со овој Протокол за испуштањата и пренесувањата во пограничните области; и

(d) Во размената на информации согласно со овој Протокол за пренесувањето помеѓу Страните.

2. Страните се обврзуваат дека ќе поттикнуваат соработка помеѓу себе и со релевантните меѓународни организации, според околностите, со цел да ги промовираат:

(a) Јавната свест на меѓународно ниво;

(b) Трансфер на технологија; и

(c) Обезбедување на техничка помош за Страните кои што се земји во развој и за Страните со економии во транзиција за прашања поврзани со овој Протокол.

**Член 17**

**СОСТАНОК НА СТРАНИТЕ**

1. Се воспоставува Состанок на Страните. Неговата прва сесија ќе се одржи најдоцна до две години по стапувањето на овој Протокол во сила. Потоа, редовните состаноци на Состанокот на Страните ќе се одржуваат последователно или паралелно со редовните состаноци на Состанокот на Страните на Конвенцијата, доколку Страните на овој Протокол не одлучат поинаку. Состанокот на Страните ќе одржи вонредна сесија доколку одлучи во текот на редовната сесија или на писмено барање од Страна под услов, во период од шест месеци од неговото проследување од страна на Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа до сите Страни, барањето го поддржале најмалку една третина од овие Страни.

2. Состанокот на Страните ќе врши редовна ревизија на спроведувањето и развивањето на овој Протокол врз основа на редовното известување од страна на Страните и имајќи ја предвид оваа цел:

(а) Ќе го ревидира развојот на Регистрите на загадувачи и пренос на загадувачки материи и ќе го промовира прогресивното зајакнување и усогласување;

(б) Ќе донесе упатства заради поедноставување на известувањето од страна на Страните до истиот, имајќи ја предвид потребата да се избегне дуплирање на работите во оваа смисла;

(ц) Ќе донесе програма за работа;

(д) Ќе разгледа и доколку е соодветно ќе усвои мерки за интензивирање на меѓународната соработка во согласност со член 16;

(е) Ќе воспостави помошни тела што ќе ги смета за потребни;

(ф) Ќе разгледува и ќе усвојува предлози за амандмани кон овој Протокол и неговите анекси што се сметаат за неопходни за целите на овој Протокол, во согласност со одредбите од член 20;

(г) На својата прва сесија, ќе го разгледа и со консензус ќе го усвои деловникот за работа за своите сесии и за сесиите на неговите помошни тела, земајќи го предвид деловникот за работа усвоен од Состанокот на Страните на Конвенцијата;

(х) Ќе ги разгледа можностите за воспоставување на финансиски аранжмани со консензус и механизми за техничка помош со цел да се овозможи спроведувањето ан овој Протокол;

(и) Ќе бара, кога е соодветно, услуги од други релевантни меѓународни тела заради постигнување на целите на овој Протокол; и

(ј) Ќе разгледа и ќе преземе дополнителни активности што можат да се бараат заради продлабочување на целите на овој Протокол, како што е усвојувањето на упатства и препораки со кои се унапредува неговата реализација.

3. Состанокот на Страните ќе овозможува размена на информации за искуствата стекнати преку известувањето за преносите, користејќи пристапи според загадувачката материја и според отпадот и ќе го разгледува таквото искуство со цел да ја испита можноста за обединување на двата пристапа, земајќи го предвид јавниот интерес за информирање во согласност со член 1 и со целокупната ефективност на националните Регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи.

4. Обединетите нации, нивните специјализирани агенции и Меѓународната агенција за атомска енергија, како и Држава или регионална организација за економска интеграција што има право врз основа на член 24 да го потпише овој Протокол но не е Страна на истиот и која било меѓувладина организација квалификувана во областите на кои што се однесува овој Протокол, имаат право да учествуваат како набљудувачи на сесиите на Состанокот на Страните. Нивниот прием и нивното учество ќе подлежи на деловникот за работа што го усвојува Состанокот на Страните.

5. Невладина организација квалификувана во областите на кои што се однесува овој Протокол, која што го информирала Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа за својата желба да биде застапена на сесија на Состанокот на Страните има право да учествува како набљудувач доколку најмалку една третина од Страните присутни на сесијата не се спротивставаат на тоа. Нивниот прием и нивното учество подлежи на деловникот за работа што го усвојува Состанокот на Страните.

## Член 18

## ПРАВО НА ГЛАС

1. Освен пропишаното во став 2, секоја Страна на овој Протокол има право на еден глас.

2. Регионалните организации за економска интеграција, во врска со прашања во нивна надлежност, го користат своето право на глас со број на гласови еднаков на бројот на нивните Држави членки кои што се Страни. Таквите организации не смеат да го користат нивното право на глас доколку нивните Држави членки го искористат своето и обратно.

## Член 19

## АНЕКСИ

Анексите кон овој Протокол претставуваат составен дел на истиот и доколку не е експлицитно пропишано поинаку упатување на овој Протокол претставува истовремено упатување на неговите анекси.

## Член 20

## АМАНДМАНИ

1. Секоја Страна може да предложи амандмани на овој Протокол.

2. Предлозите на амандмани на овој Протокол се разгледуваат на сесија на Состанокот на Страните.

3. Предлог амандман на овој Протокол се поднесува во писмена форма до секретаријатот, кој што ќе го проследи истиот најмалку шест месеци пред сесијата за која што е предложен за усвојување до сите Страни, до други Држави и регионални организации за економска интеграција кои што се согласиле да бидат обврзани со Протоколот, а за кои што тој сеуште не стапил на сила и до Потписничките.

4. Страните ќе ги вложат сите напори да постигнат согласност за предложен амандман на овој Протокол со консензус. Доколку се исцрпат сите напори за консензус, а не се постигнала согласност, амандманот како последно средство ќе се усвои со три-четвртинско мнозинство гласови од Страните што се присутни и со право на глас на сесијата.

5. За целите на овој член, “Страни што се присутни и со право на глас” значи присутните Страните кои што гласаат за или против.

6. Амандман на овој Протокол усвоен во согласност со став 4 се доставува од страна на секретаријатот до Депозитарот, кој ќе го проследи истиот до сите Страни, до други Држави и регионални организации за економска интеграција кои што се согласиле да бидат обврзани со Протоколот, а за кои што тој сеуште не стапил на сила и до Потписничките.

7. Амандман, кој не се однесува на анекс, стапува на сила за оние Страни што

го ратификувале, прифатиле или одобриле на деведесеттиот ден по денот на приемот од страна на Депозитарот на инструментите за ратификација, прифаќање или одобрување од најмалку три четвртини од оние кои што биле Страни во времето на неговото усвојување. Потоа, тој ќе стапи на сила за секоја друга Страна на деведесеттиот ден по депонирањето од таа Страна на инструментот за ратификација, прифаќање или одобрување на амандманот.

8. Во случај на амандман кон анекс, Страна што не го прифаќа таквиот амандман за тоа ќе го извести Депозитарот во писмена форма во рок од дванаесет месеци од денот на неговото циркуларно доставување од Депозитарот. Депозитарот без одлагање ќе ги извести сите Страни за така применото известување. Страна може во кое било време да повлече претходно известување за неприфаќање, по што амандманот кон анексот стапува на сила за таа Страна.

9. По истекот на дванаесет месеци од денот на неговото доставување од страна на Депозитарот согласно со став 6, амандман кон анекс стапува на сила за оние Страни кои што не доставиле известување до Депозитарот во согласност со став 8, под услов, во тоа време, најмногу една третина од оние кои што биле Страни во времето на усвојување на амандманот да доставиле такво известување.

10. Доколку амандман кон анекс е директно поврзан со амандман кон овој Протокол, истиот нема да стапи на сила пред времето на стапување на сила на амандманот кон овој Протокол.

## Член 21

## СЕКРЕТАРИЈАТ

Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа ги врши следниве секретаријатски функции за овој Протокол:

(a) Подготвување и организација на сесиите на Состанокот на Страните;

(b) Пренесување до Страните на извештаи и други информации примени во согласност со одредбите на овој Протокол;

(c) Известување на Состанокот на Страните за активностите на секретаријатот; и

(d) Други функции што ќе ги определи Состанокот на Страните врз основа на достапните средства.

## Член 22

## СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО

На својата прва сесија, Состанокот на Страните со консензус ќе воспостави постапки за соработка и институционални аранжмани со неправна, неконтраверзна и консултативна природа со цел да се оцени и да се унапреди спроведувањето на одредбите на овој Протокол и да се решат случаите на непочитување. При воспоставувањето на овие постапки и аранжмани, Состанокот на Страните ќе разгледа, помеѓу другото, дали да се дозволи информациите за прашања поврзани со овој Протокол да бидат доставувани до јавноста.

## Член 23

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

1. Доколку се појави спор помеѓу две или повеќе Страни во врска со толкувањето или со примената на овој Протокол, тие ќе настојуваат да најдат решение низ преговори или со други мирољубиви средства за решавање на спорови прифатливи за страните во спорот.

2. При потпишувањето, ратификувањето, прифаќањето на или пристапувањето кон овој Протокол или кога било подоцна, Држава може да изјави во писмена форма до Депозитарот дека, за спор кој не се решил во согласност со став 1, прифаќа едно или двете од следниве средства за решавање на спорови како задолжителни во однос на Страна која што ја прифаќа истата обврска:

(a) Поднесување на спорот пред Меѓународниот суд на правдата;

(b) Арбитража во согласност со постапката од Анекс IV.

Регионална организација за економска интеграција може да даде изјава со еднаков ефект во однос на арбитража во согласност со одредбите од подстав (б).

3. Доколку страните во спорот ги прифатиле двете средства за решавање на спорови од став 2, спорот може да се поднесе само до Меѓународниот суд на правдата, освен ако страните во спорот не се договорат поинаку.

## Член 24

## ПОТПИШУВАЊЕ

Овој Протокол ќе биде отворен за потпишување во Киев (Украина) од 21 до 23 мај 2003 година, за време на петтата Министерска Конференција “Животна средина за Европа”, а потоа во седиштето на Обединетите Нации во Њујорк до 31 декември 2003 година, од сите Држави кои што се членки на Обединетите Нации и од регионални организации за економска интеграција составени од суверени Држави членки на Обединетите Нации на кои што нивните Држави членки им пренеле надлежност во однос на проблематиката што се регулира со овој Протокол, вклучувајќи ја надлежноста да склучуваат договори во однос на таквата проблематика.

## Член 25

## ДЕПОЗИТАР

Генералниот Секретар на Обединетите Нации ќе врши функција на Депозитар на овој Протокол.

## Член 26

## РАТИФИКАЦИЈА, ПРИФАЌАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И ПРИСТАПУВАЊЕ

1. Овој Протокол подлежи на ратификација, прифаќање или одобрување од страна на Државите потписнички и регионалните организации за економска интеграција од член 24.

2. Овој Протокол ќе биде отворен за пристапување од 1 јануари 2004 година за Државите и регионалните организации за економска интеграција од член 24.

3. Регионална организација за економска интеграција од член 24 што ќе стане Страна без притоа која било од нејзините Држави членки да биде Страна ќе биде обврзана со сите обврски што произлегуваат од овој Протокол. Ако една или повеќе Држави членки на таква организација се Страна, организацијата и нејзините Држави членки ќе одлучат во однос на поединечните одговорности за спроведувањето на нивните обврски што произлегуваат од овој Протокол. Во такви случаи, организацијата и Државите членки немаат право да ги користат правата според овој Протокол истовремено.

4. Во своите инструменти за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување, регионалните организации за економска интеграција од член 24 ќе се

произнесат за степенот на нивната надлежност во однос на прашањата што се регулираат со овој Протокол. Овие организации исто така се должни да го информираат Депозитарот за евентуалните значителни измени во степенот на нивната надлежност.

**<u>Член 27</u>**

**СТАПУВАЊЕ НА СИЛА**

1. Овој Протокол стапува на сила на деведесеттиот ден по денот на депонирање на шеснаесеттиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.

2. За целите на став 1, инструмент депониран од регионална организација за економска интеграција нема да се брои како дополнителен од оние депонирани од Државите членки на таквата организација.

3. За секоја Држава или регионална организација за економска интеграција што ќе го ратификува, прифати или одобри овој Протокол или ќе пристапи кон истиот по шеснаесеттиот инструмент на ратификација, прифаќшање, одобрување или пристапување, Протоколот стапува на сила на деведесеттиот ден по денот на депонирањето на инструментот за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување од страна на таквата Држава или организација.

**<u>Член 28</u>**

**РЕЗЕРВИ**

Резерви во однос на овој Протокол не се дозволени.

**<u>Член 29</u>**

**ПОВЛЕКУВАЊЕ**

Во кое било време по три години од денот на стапување на овој Протокол во сила во однос на Страна, таа Страна може да се повлече од Протоколот со доставување на писмено известување до Депозитарот. Такво повлекување ќе важи од деведесеттиот ден по датата на неговото примање од Депозитарот.

**<u>Член 30</u>**

**АВТЕНТИЧНИ ТЕКСТОВИ**

Оригиналот на овој Протокол, од којшто верзиите на англиски, француски и руски јазик се еднакво автентични, се депонира кај Генералниот Секретар на Обединетите Нации.

Долупотпишаните, лично присутни и соодветно овластени, го потпишаа овој Протокол.

Во Киев, на дваесет и трети мај 2003 година.

## Анекс I

## АКТИВНОСТИ

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Енергетски сектор** | | |
| (а) | Рафинерии за минерална нафта и гас | * | 10 вработени |
| (б) | Инсталации за гасификација и ликвефакција | * | |
| (ц) | Термо-централи и други инсталации со согорување | Со влезна топлина од 50 мегавати (MW) | |
| (д) | Печки за кокс | * | |
| (е) | Валавници на јаглен | Со капацитет од 1 тон на час | |
| (ф) | Инсталации за производство на јеглени производи и цврсти горива без чад | * | |
| **2.** | **Производство и преработка на метали** | | |
| (а) | Печење на метална руда (вклучувајќи сулфидна руда) или инсталации за синтерување | * | 10 вработени |
| (б) | Инсталации за производство на сирово железо или челик (примарно или секундарно топење) вклучувајќи континуирано лиење | Со капацитет од 2.5 тона на час | |
| (ц) | Инсталации за преработка на црни метали:<br>(i) Топли валавници | Со капацитет од 20 тона сиров челик на час | |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| | (ii) Ковачници со чекани<br><br>(iii) Апликација на заштитни облоги од топен метал | Со енергија од 50 килоџули на чекан, при што употребената калорична моќност надминува 20 MW<br><br>Со влезни 2 тона сиров челик на час | |
| (д) | Ливници за црни метали | Со производствен капацитет од 20 тона на ден | |
| (е) | Инсталации:<br>(i) За заштита на необоени сирови метали од руда, концентрати или секундарни суровини од металуршки, хемиски или електролитски процеси | * | |
| | (ii) За топење, вклучувајќи легирање, на необоени метали, вклучувајќи обновени производи (рафинирање, лиење во ливници, итн.) | Со капацитет на топење од 4 тони дневно за олово и кадмиум или 20 тона на ден за сите други метали | 10 вработени |
| (ф) | Инсталации за површински третман на метали и пластични материјали што користат електролитски или хемиски процеси | Кога волуменот на ватите за третман изнесува 30 $м^3$ | |
| **3.** | **Минерална индустрија** | | |
| (а) | Подземно рударство и сродни активности | * | 10 вработени |
| (б) | Површински копови | Кога површината на која се врши ископување изнесува 25 хектари | |

| **Бр.** | **Активност** | **Праг на капацитет (колона 1)** | **Праг на вработени (колона 2)** |
|---|---|---|---|
| (ц) | Инсталации за производство на: | | |
| | (i) Цементен клинкер кај ротациони печки за сушење цигли | Со производен капацитет од 500 тона дневно | |
| | (ii) Вар кај ротациони печки за сушење | Со производен капацитет од 50 тона дневно | |
| | (iii) Цементен клинкер или вар кај други печки | Со производен капацитет од 50 тона дневно | |
| (д) | Инсталации за производство на азбест и азбестни производи | * | |
| (е) | Инсталации за производство на стакло, вклучувајќи стаклена волна | Со капацитет на топење од 20 тона дневно | |
| (ф) | Инсталации за топење на минерални супстанции, вклучувајќи производство на минерални влакна | Со капацитет на топење од 20 тона дневно | |
| (г) | Инсталации за производство на керамички производи со печење, особено покривни плочи, тули, огноотпорни цигли, керамиди, камени производи или порцелан | Со производен капацитет од 75 тона дневно, или или со капацитет на печење од 4 м$^3$ и со густина на ложење по печка од 300 кг/м$^3$ | |

| | |
|---|---|
| **4.** | **Хемиска индустрија** |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| (а) | Хемиски инсталации за производство на базични органски хемикалии со индустриски обем, како што се:<br>(i) Прости водојаглероди (линеарни или циклични, заситени или незаситени, алифатски или ароматични)<br>(ii) Јаглеводороди со содржина на кислород како што се алкохоли, алдехиди, кетони, карбоксилни киселини, естари, ацетати, етари, пероксидиепокси-смоли<br>(iii) Сулфурнми водојаглероди<br>(iv) Азотни водојаглероди како што се амини, амиди, азотни соединенија, нитросоединенија, нитрили, цијанати, изоцијанати<br>(v) Водојаглероди кои содржат фосфор<br>(vi) Халогени водојаглероди<br>(vii) Органометални соединенија<br>(viii) Базични пластични материјали (полимери, синтетички влакна и влакна со база на целулоза)<br>(ix) Синтетички гуми<br>(x) Бои и пигменти<br>(xi) Површински активни супстанции и површински активни средства | * | 10 вработени |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| (б) | Хемиски инсталации за производство на базични неоргански хемикалии со индустриски обем, како што се:<br>(i) Гасови, како амонијак, хлор или хлороводород, флуор или хлорофлуорид, соединенија на сулфур, азот оксиди, водород, сулфур диоксид, карбонил хлорид<br>(ii) Киселини, како што се хромна киселина, водофлуоридна киселина, фосфорна киселина, азотна киселина, водородородна киселина, сулфурна киселина, олеум, сулфуресті киселини<br>(iii) Бази, како што се амониум хидроксид, калиум хидриксид, натриум хидроксид<br>(iv) Соли, како што се амониум хлорид, калиум хлорат, калиум карбонат, натриум карбонат, перборат, сребрен нитрат<br>(v) Неметали, метал оксиди или други неоргански соединенија, како што се калциум карбид, силициум, силициум карбид | * | |
| (ц) | Хемиски инсталации за производство на фосфорни, азотни или калиумски ѓубрива (прости или сложени ѓубрива) со индустриски обем) | * | |
| (д) | Хемиски инсталации за производство на базни лековити производи од растително потекло и биоициди, со индустриски обем | * | |
| (е) | Инсталации што користат хемиски или биолошки процеси за производство на базни фармацевтски производи со индустриски обем | * | |
| (ф) | Инсталации за производство на експлозиви и пиротехнички производи со индустриски обем | * | 10 вработени |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| 5. | **Управувае со отпад и со отпадни води** | | |
| (а) | Инсталации за инсенерација, пиролиза, обновување, хемиско пречистување или депонирање на опасен отпад | Со прием на 10 тона дневно | 10 вработени |
| (б) | Инсталации за инсенерација на комунален отпад | Со капацитет од 3 тона на час | |
| (ц) | Инсталации за одлагање на неопасен отпад | Со капацитет од 50 тона дневно | |
| (д) | Депонии (исклучувајќи депонии за инертен отпад) | Со прием од 10 тона дневно или со вкупен капацитет од 25,000 тона | |
| (е) | Инсталации за депонирање или рециклирање на животински мрши и животински отпад | Со капацитет за пречистување на 10 тона дневно | |
| (ф) | Постројки за третман на комунален отпад | Со капацитет од 100,000 еквивалентни жители | |
| (г) | Независно управувани пречистителни станици за индустриски отпадни води кои што опслужуваат една или повеќе активности од овој анекс | Со капацитет од 10,000 м$^3$ дневно | |
| 6. | **Производство и преработка на дрво и хартија** | | |
| (а) | Индустриски постројки за производство на каша од дрвна маса или од слични влакнести материјали | * | 10 вработени |
| (б) | Индустриски постројки за производство на хартија и картон и други примарни дрвени производи (како што се иверица, лесонит и шперплоча) | Со производен капацитет од 20 тона дневно | |
| (ц) | Индустриски постројки за заштита на дрво и дрвни производи со хемикалии | Со производен капацитет од 50 м$^3$ дневно | |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| **7.** | **Интензивно сточарство и аквакултура** | | |
| (а) | Инсталации за интензицвно одгледување на живина или свињи | (i) Со 40,000 места за живина<br>(ii) Со 2,000 места за производство на свињи (над 30 кг)<br>(iii) Со 750 места за маторици | 10 вработени |
| (б) | Интензивна аквакултура | 1,000 тона риба и школки годишно | 10 вработени |
| **8.** | **Животински и градинарски производи од секторот за храна и пијалоци** | | |
| (а) | Кланици | Со производен капацитет за мрши од 50 тона дневно | 10 вработени |
| (б) | Третман и преработка наменети за производство на прехрамбени производи и пијалоци од:<br>(i) Животински суровини (освен млеко)<br>(ii) Суровини од зеленчук | Со производен капацитет за готови производи од 75 тона дневно<br>Со производен капацитет за готови производи од 300 тона дневно (средна вредност на квартално ниво) | |

| Бр. | Активност | Праг на капацитет (колона 1) | Праг на вработени (колона 2) |
|---|---|---|---|
| (ц) | Третман и преработка на млеко | Со капацитет за прием на 200 тона млеко дневно (средна вредност на годишно ниво) | |
| **9.** | **Други активности** | | |
| (а) | Постројки за предтретман (операции како што се перење, белење, мерцеризација) или боење на предива или платна | Со капацитет за третман на 10 тона дневно | 10 вработени |
| (б) | Постројки за штавење на кожи од крупни и ситни животни | Со капацитет за третман на 12 тона готови производи дневно | |
| (ц) | Инсталации за површински третман на супстанции, предмети или производи кои користат органски раствори, особено за апретура, печатење, обложување, одмастување, постигнување на непропустливост, премачкување со лепак, боење, чистење или импрегнирање | Со капацитет на потрошувачка од 150 кг на час или 200 тона годишно | |
| (д) | Инсталации за производство на јаглерод (цврст согорен јаглен) или електрографит со инсенерација или графитизација | * | |
| (е) | Инсталации за изградба или фарбање или отстранување на боја од бродови | Со капацитет за бродови со должина од 100 м | |

Појаснувања:

Колона 1 ги содржи праговите на капацитет согласно со член 7, став 1 (а).

Ѕвездичката (∗) укажува дека прагот на капацитетот е применлив (сите капацитети подлежат на обврската за известување).

Колона 2 го содржи прагот на вработени согласно со член 7, став 1 (б).

“10 вработени” значи еквивалент за 10 редовно (со полно работно време) вработени.

# Анекс II

## ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) | | | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во воздух (колона 1а) | во вода (колона 1б) | во земјиште (колона 1ц) | | |
| | | | кг/ год. | кг/ год. | кг/ год. | кг/ година | кг/година |
| 1 | 74-82-8 | Метан ($CH_4$) | 100 000 | - | - | - | * |
| 2 | 630-08-0 | Јаглерод моноксид (CO) | 500 000 | - | - | - | * |
| 3 | 124-38-9 | Јаглерод диоксид ($CO_2$) | 100 милион. | - | - | - | * |
| 4 | | Хидро-водојаглероди (HFCs) | 100 | - | - | - | * |
| 5 | 10024-97-2 | Диазот оксид ($N_2O$) | 10 000 | - | - | - | * |
| 6 | 7664-41-7 | Амонијак ($NH_3$) | 10 000 | - | - | - | 10 000 |
| 7 | | Безметански испарливи органски соединенија (NMVOC) | 100 000 | - | - | - | * |
| 8 | | Азотни оксиди ($NO_x/NO_2$) | 100 000 | - | - | - | * |
| 9 | | Перфлуороцарбонс (PFCs) | 100 | - | - | - | * |
| 10 | 2551-62-4 | Сулфур хексафлуорид ($SF_6$) | 50 | - | - | - | * |
| 11 | | Сулфур оксиди ($SO_x/SO_2$) | 150 000 | - | - | - | * |
| 12 | | Вкупно азот | - | 50 000 | 50 000 | 10 000 | 10 000 |
| 13 | | Вкупно фосфор | - | 5 000 | 5 000 | 10 000 | 10 000 |
| 14 | | Хидрохлорофлуоројаглероди (HCFCs) | 1 | - | - | 100 | 10 000 |

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) | | | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во воздух (колона 1а) кг/ год. | во вода (колона 1б) кг/ год. | во земјиште (колона 1ц) кг/ год. | кг/ година | кг/година |
| 15 | | Хлорофлуоројаглероди (CFCs) | 1 | - | - | 100 | 10 000 |
| 16 | | Халони | 1 | - | - | 100 | 10 000 |
| 17 | 7440-38-2 | Арсен и соединенија (како As) | 20 | 5 | 5 | 50 | 50 |
| 18 | 7440-43-9 | Кадмиум и соединенија (како Cd) | 10 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 19 | 7440-47-3 | Хром и соединенија (како Cr) | 100 | 50 | 50 | 200 | 10 000 |
| 20 | 7440-50-8 | Бакар и соединенија (како Cu) | 100 | 50 | 50 | 500 | 10 000 |
| 21 | 7439-97-6 | Жива и соединенија (како Hg) | 10 | 1 | 1 | 5 | 5 |
| 22 | 7440-02-0 | Никел и соединенија (како Ni) | 50 | 20 | 20 | 500 | 10 000 |
| 23 | 7439-92-1 | Олово и соединенија (како Pb) | 200 | 20 | 20 | 50 | 50 |
| 24 | 7440-66-6 | Цинк и соединенија (како Zn) | 200 | 100 | 100 | 1 000 | 10 000 |
| 25 | 15972-60-8 | Alachlor | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 26 | 309-00-2 | Алдрин | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 27 | 1912-24-9 | Атразин | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 28 | 57-74-9 | Хлордан | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 29 | 143-50-0 | Хлордекон | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 30 | 470-90-6 | Chlorfenvinphos | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 31 | 85535-84-8 | Хлороалкани, $C_{10}$-$C_{13}$ | - | 1 | 1 | 10 | 10 000 |
| 32 | 2921-88-2 | Хлорпирифоли | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) во воздух (колона 1а) кг/ год. | во вода (колона 1б) кг/ год. | во земјиште (колона 1ц) кг/ год. | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) кг/ година | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) кг/година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | 50-29-3 | ДДТ | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 34 | 107-06-2 | 1,2-дихлороетан (EDC) | 1 000 | 10 | 10 | 100 | 10 000 |
| 35 | 75-09-2 | Дихлорометан (DCM) | 1 000 | 10 | 10 | 100 | 10 000 |
| 36 | 60-57-1 | Диелдрин | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 37 | 330-54-1 | Диурон | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 38 | 115-29-7 | Ендосулфан | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 39 | 72-20-8 | Ендрин | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 40 | | Халогени органски соединенија (како AOX) | - | 1 000 | 1 000 | 1 000 | 10 000 |
| 41 | 76-44-8 | Хептахлор | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 42 | 118-74-1 | Хексахлоробензол (HCB) | 10 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| 43 | 87-68-3 | Хексахлоробутадин (HCBD) | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 44 | 608-73-1 | 1,2,3,4,5, 6-хексахлороциклохексан (HCH) | 10 | 1 | 1 | 1 | 10 |
| 45 | 58-89-9 | Линдан | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 46 | 2385-85-5 | Миреџ | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 47 | | PCDD +PCDF (диоксини +фурани) (како Teq) | 0.001 | 0.001 | 0.001 | 0.001 | 0.001 |
| 48 | 608-93-5 | Пентахлоробензол | 1 | 1 | 1 | 5 | 50 |
| 49 | 87-86-5 | Пентахлорофенол (PCP) | 10 | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 50 | 1336-36-3 | Полихлоринирани бифенили (PCBs) | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 1 | 50 |
| 51 | 122-34-9 | Симазин | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) | | | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во воздух (колона 1а) | во вода (колона 1б) | во земјиште (колона 1ц) | | |
| | | | кг/ год. | кг/ год. | кг/ год. | кг/ година | кг/година |
| 52 | 127-18-4 | Тетрахлороетилен (PER) | 2 000 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 53 | 56-23-5 | Тетрахлорометан (TCM) | 100 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 54 | 12002-48-1 | Трихлоробензоли (TCBs) | 10 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 55 | 71-55-6 | 1,1,1-трихлороетан | 100 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 56 | 79-34-5 | 1,1,2,2-тетрахлоретан | 50 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 57 | 79-01-6 | Трихлороетилен | 2 000 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 58 | 67-66-3 | Трихлорометан | 500 | - | - | 1 000 | 10 000 |
| 59 | 8001-35-2 | Токсафенол | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 60 | 75-01-4 | Винил хлорид | 1 000 | 10 | 10 | 100 | 10 000 |
| 61 | 120-12-7 | Антрацен | 50 | 1 | 1 | 50 | 50 |
| 62 | 71-43-2 | Бензол | 1 000 | 200 (kako BTEX) [a/] | 200 (kako BTEX) [a/] | 2 000 (kako BTEX) [a/] | 10 000 |
| 63 | | Броминирани дифенилетери (PBDE) | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 64 | | Нонилфенол етоксилати (NP/NPEs) и сродни супстанции | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 65 | 100-41-4 | Етил бензол | - | 200 (kako BTEX)[a/] | 200 (kako BTEX)[a/] | 2 000 (kako BTEX)[a/] | 10 000 |
| 66 | 75-21-8 | Етилен оксид | 1 000 | 10 | 10 | 100 | 10 000 |
| 67 | 34123-59-6 | Изопротурон | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 68 | 91-20-3 | Нафталин | 100 | 10 | 10 | 100 | 10 000 |
| 69 | | Органотин цомпоундс | - | 50 | 50 | 50 | 10 000 |

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) | | | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во воздух (колона 1а) | во вода (колона 1б) | во земјиште (колона 1ц) | | |
| | | | кг/ год. | кг/ год. | кг/ год. | кг/ година | кг/година |
| | | (како вкупен Sn) | | | | | |
| 70 | 117-81-7 | Ди-(2-етил хексил) Фталат (DEHP) | 10 | 1 | 1 | 100 | 10 000 |
| 71 | 108-95-2 | Феноли (како вкупен C) | - | 20 | 20 | 200 | 10 000 |
| 72 | | Полициклични ароматични водојаглероди (PAHs)[b/] | 50 | 5 | 5 | 50 | 50 |
| 73 | 108-88-3 | Толуол | - | 200 (kako BTEX)[a/] | 200 (kako BTEX)[a/] | 2 000 (kako BTEX)[a/] | 10 000 |
| 74 | | Трибутилтин и соединенија | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 75 | | Трифенилтин и соединенија | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 76 | | Вкупен органски јаглерод (TOC) (како вкупен C или COD/3) | - | 50 000 | - | - | ** |
| 77 | 1582-09-8 | Трифлуралин | - | 1 | 1 | 5 | 10 000 |
| 78 | 1330-20-7 | Ксилени | - | 200 (kako BTEX)[a/] | 200 (kako BTEX)[a/] | 2 000 (kako BTEX)[a/] | 10 000 |
| 79 | | Хлориди (како вкупен Cl) | - | 2 мил. | 2 мил. | 2 мил. | 10 000[ц/] |
| 80 | | Хлор и неоргански соединенија (како HCl) | 10 000 | - | - | - | 10 000 |
| 81 | 1332-21-4 | Азбест | 1 | 1 | 1 | 10 | 10 000 |
| 82 | | Цијаниди (како вкупно CN) | - | 50 | 50 | 500 | 10 000 |

| Бр | CAS број | Загадувачка материја | Прагови за испуштање (колона 1) | | | Прагови за пренесување на загадувачки материи вон локацијата (колона 2) | Праг на производство, обработка или користење (колона 3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во воздух (колона 1а) | во вода (колона 1б) | во земјиште (колона 1ц) | | |
| | | | кг/ год. | кг/ год. | кг/ год. | кг/ година | кг/година |
| 83 | | Флуориди (како вкупно F) | - | 2 000 | 2 000 | 10 000 | 10 000[ц/] |
| 84 | | Флуор и неоргански соединенија (како HF) | 5 000 | - | - | - | 10 000 |
| 85 | 74-90-8 | Водород цијанид (HCN) | 200 | - | - | - | 10 000 |
| 86 | | Честички ($PM_{10}$) | 50 000 | - | - | - | * |

Појаснувања:

CAS број на загадувачката материја значи прецизен идентификатор во Службата за хемиски абстракти (Chemical Abstracts Service).

Колона 1 ги содржи праговите од член 7, став 1 (а) (i) и (iv). Доколку праг во дадена подколона (воздух, вода или земјиште) се надмине, известување за испуштањето или, за загадувачките материи во отпадните води наменети за пречистување на отпадни води, преносите во медиумот на животната средина од таа подколона се бара во однос на предметниот капацитет, за оние Страни кои што избрале систем на известување во согласност со член 7, став 1 (а).

Колона 2 ги содржи праговите од член 7, став 1 (а) (ii). Доколку прагот во оваа колона е надминат за дадена загадувачка материја, известување за пренесувањето на таа загадувачка материја вон локацијата се бара во однос на предметниот капацитет, за оние Страни кои што избрале систем на известување во согласност со член 7, став 1 (а) (ii).

Колона 3 ги содржи праговите од член 7, став (1)(б). Доколку прагот во оваа колона е надминат за дадена загадувачка материја, известување за испуштањето и пренесувањето на таа загадувачка материја вон локацијата се бара во однос на предметниот капацитет, за оние Страни кои што избрале систем на известување во согласност со член 7, став 1 (б).

Цртичка (-) укажува дека предметниот параметар не повлекува барање за известување.

Ѕвездичка (∗) укажува дека, за оваа загадувачка материја, треба да се користи прагот на испуштање во колона (1)(а), а не прагот за производство, преработка или употреба.

Две ѕвездички (**) укажува дека, за оваа загадувачка материја, треба да се користи прагот на испуштање во колона (1)(б) а не прагот за производство, преработка или употреба.

Фусноти:

a/ Треба да се известува за поединечните загадувачки материи доколку е надминат прагот за BTEX (збирен параметар за бензол, толуол, етилбензол, ксилен).

b/ Полицикличните ароматични водојаглероди (PAHs) треба да се мерат како бензо(а)прен (50-32-8), бензо(б)флуорантен (205-99-2), бензо(к)флуорантен (207-08-9), индено(1,2,3-цд)пирен (193-39-5) (изведени од Протоколот за неразградливи органски загадувачки материи кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот).

c/ Како неоргански соединенија.

## Анекс III

## ДЕЛ А
## АКТИВНОСТИ НА ДЕПОНИРАЊЕ (‘D’)

- Депонирање во или на земјиште (пр: депонија)
- Третман на земјиште (пр: биодеградација со течни или милни отпадоци во почвите)
- Длабоко инјектирање (пр: инјектирање на отпадоци што можат да се пумпаат во бунари, куполи од сол во складишта кои се појавуваат по природен пат)
- Површинско затворање (пр: ставање на течни или милни отпадоци во јами, базени или лагуни)
- Специјално проектирани депонии (пр: вградување на линиски поединечни келии кои се покриени и изолирани меѓу себе и од животната средина)
- Испуштање во водено тело, освен во мориња/океани
- Испуштање во мориња/океани, вклучувајќи вградување во морското корито
- Биолошки третман кој не е утврден на други места во овој анекс што резултира во финални соединенија или комбинации кои се опишуваат со која било од активностите утврдени во овој дел
- Физичко-хемиски третман кој не е утврден на друго место во овој анекс што резултира во финални соединенија или комбинации кои се опишуваат со која било од активностите утврдени во овој дел (пр: испарување, сушење, калцинирање, неутрализирање, врнежи)
- Инсенерација на земјиштето
- Инсенерација на море
- Трајно складирање (пр: вградување на контејнери во рудник)
- Спојување или мешање пред доставување до која било од активностите утврдени во овој дел
- Препакување пред доставување до која било од активностите утврдени во овој дел
- Складирање до активностите утврдени во овој дел

## ДЕЛ Б
## АКТИВНОСТИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ (‘R’)

- Користење на гориво (освен директно инјектирање) или други средства за производство на енергија
- Обнова/повторно производство на раствори
- Рециклирање/обновување на органски супстанции кои не се користат како раствори
- Рециклирање/обновување на метали и метални соединенија
- Рециклирање/обновување на други неоргански материјали
- Повторно производство на киселини или бази

- Обнова на компоненти користени за намалување на загадувањето
- Обнова на компоненти од катализатори
- Рафинирање на употребена нафта или други видови на повторно користење на претходно употребувана нафта
- Третирање на земјиште кое што резултира со добивки за земјоделството или подобрување на квалитетот на животната средина
- Користење на отпадни материјали добиени од која било од активностите за обновување утврдени во овој дел
- Размена на отпадоци за доставување до која било од активностите за обновување утврдени во овој дел
- Акумулирање на материјалите наменети за која било од активностите утврдени во овој дел.

## Анекс IV

## АРБИТРАЖА

1. Во случај на спор доставен за арбитража во согласност со член 23, став 2 на овој Протокол, страна или страни ќе ја извести/известат другата страна или другите страни во спорот преку дипломатски средства, како и секретаријатот за предметната проблематика на арбитражата и особено ќе укажат на членовите во овој Протокол чиешто толкување или примена е спорно/спорна. Секретаријатот ќе ја достави примената информација до сите Страни на овој Протокол.

2. Арбитражниот трибунал се состои од три члена. Страната што побарува или страните што побаруваат во спорот назначуваат по еден арбитрар и двајцата арбитрари назначени на таков начин со заедничка согласност ќе го назначат третиот арбитрар, кој ќе биде претседател на арбитражниот трибунал. Последниов не смее да биде државјанин на една од страните во спорот нити да има постојано место на живеење на територијата на овие страни, нити да биде вработен од која било од нив нити да работел на случајот во какво било својство.

3. Доколку претседателот на арбитражниот трибунал не се назначи во рок од два месеца по назначувањето на вториот арбитрар, Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа, на барање на која било страна во спорот, ќе го назначи претседателот во следните два месеца.

4. Доколку една од страните во спорот не назначи арбитрар во рок од два месеца од известувањето од став 1, другата страна може за тоа да го информира Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа, кој ќе го назначи претседателот на арбитражниот трибунал во рок од два месеца. По назначувањето, претседателот на арбитражниот трибунал ќе побара од страната која што не назначила арбитрар да го стори тоа во рок од два месеца. Доколку истата не го стори тоа во овој период, претседателот ќе го информира Извршниот Секретар на Економската Комисија за Европа, кој ќе го изврши ова назначување во следните два месеца.

5. Арбитражниот трибунал ќе ги носи своите одлуки во согласност со меѓународното право и со одредбите на овој Протокол.

6. Арбитражен трибунал конституиран според одредбите содржани во овој анекс донесува свој деловник за работа.

7. Одлуките на арбитражниот трибунал, за постапките и за содржината, ќе се донесуваат со мнозинство гласови на своите членови.

8. Трибуналот може да ги преземе сите соодветни мерки за утврдување на фактите.

9. Страните во спорот ќе ја овозможуваат работата на арбитражниот трибунал и особено со користење на сите средства што им се на располагање:

(a) ќе му ги обезбедат сите релевантни документи, средства и информации;

(b) Ќе му овозможат, доколку е потребно, да повикува сведоци или експерти и ќе прима докази од нивна страна.

10. Страните и арбитрарите ќе ја заштитуваат доверливоста на информациите добиени во доверба во текот на постапките на арбитражниот трибунал.

11. Арбитражниот трибунал може, на барање на една од страните, да препорача привремени мерки на заштита.

12. Доколку една од страните во спорот не се појави пред арбитражниот трибунал или не се одбрани во случајот, другата страна може да побара од трибуналот да продолжи со постапките и да донесе конечна одлука. Отсуство на страна или необезбедување на страна на одбрана за својот случај нема да претставува затворање на постапките. Пред да ја донесе својата конечна одлука, арбитражниот трибунал мора да биде задоволен дека побарувањето е основано, фактички и според законот.

13. Арбитражниот трибунал може да сослуша и да побара против-побарувања кои произлегуваат директно од предметната проблематика на спорот.

14. Доколку арбитражниот трибунал не одлучи поинаку поради посебни околности на случајот, трошоците за трибуналот, вклучувајќи го надоместокот за неговите членови, ги сносат страните во спорот подеднакво. Трибуналот ќе води евиденција за своите трошоци и ќе достави конечен извештај за истите до страните.

15. Страна на овој Протокол која што има интерес од правна природа во предметната проблематика на спорот и која што може да биде засегната од одлуката во случајот, може да интервенира во постапките со согласност на трибуналот.

16. Арбитражниот трибунал ќе ја донесе својата пресуда во рок од пет месеци од денот на неговото формирање, освен ако не смета дека е неопходно да го продолжи временското ограничување за период кој што не смее да надмине пет месеци.

17. Пресудата на арбитражниот трибунал е придружена со образложение. Таа е конечна и обврзувачка за страните во спорот. Пресудата се доставува од страна на арбитражниот трибунал до страните на спорот и до Секретаријатот. Секретаријатот ќе ја проследи примената информација до сите Страни на овој Протокол.

18. Спор кој што може да се појави помеѓу страните во врска со толкувањето или извршувањето на пресудата може да биде поднесен од која било страна до арбитражниот трибунал кој што ја донел пресудата или, доколку последниов не може да се свика за тоа, до друг трибунал конституиран за таа цел на истиот начин како и првиот.